за Ресен

ОД СТОЈАН ШУКОВСКИ од с.Брајчино Преспа

# С Е Ќ А В А Њ А НА Б О Р Б Е Н И О Т П А Т
# НА
# БАТАЛЈОНОТ"СТИВ НАУМОВ" И КОМАНДАНТОТ НАУМ ВЕСЛИЕВСКИ - ОВЧАРОТ

Стојан Шуковски
ул. „М.Х. Јасмин" бр. 30/4
91000 Скопје

6

ДО СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА БОРЦИТЕ ОД НОВ

РЕСЕН

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
на Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Во прилог Ви доставувам мое лично сеќавање за борбениот пат на баталјонот "Стив Наумов" и нашиот командант Веслиевски Наум-Овчарот

1.Сеќавање од страна 1-20

2.Наредба бр.18/43 за формирање на баталјонот

3.Список-на борци и старешини кои биле од формирањето или во определени периоди се наоѓале во баталјонот "Стив Наумов"
(списокот е даден на три страни)

4.Список на загинати ратни другари од составот на баталјонот
(списокот е даден на пет страни)

5.Исправки кон зборникот од НОВ -Ресен и Преспа (четири страни)

Со другарски поздрав

потполковник на ЈНАвво пензија

Шуковски Стојан с.р. Стојан Шуковски

СКОПЈЕ 1989год

ул."М.Х.ЈАСМИН"30/4
тел 228-367

Од Шуковски Апостола Стојан,

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
на Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

# С А Д Р Ж А Ј

1.Сеќавање за борбениот пат на батаљ. "СТИВ НАУМОВ" и неговот командант-ВЕСЛИЕВСКИ НАУМ- ОВЧАРОТ- страни 1- 2о,

2.Наредба број 18/1943 год. за формирање батаљ. од ГШМ,

3.Список на составот на батаљоно "Стив Наумов"/од три страни,/.

4.Список на загинати ратни другари од батаљон."Стив Наумов" од / пет страни/

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

# С Е Ќ А В А Њ Е

## ЗА БОРБЕНИОТ ПАТ НА БАТАЉОНОТ " СТИВ НАУМОВ" И НЕГОВИОТ КОМАНДАНТ ВЕСЛИЕВСКИ НАУМЕ- ОФЧАРОТ,ВО ТЕКОТ НА 1943 и 1944 год.

Батаљонот "Стив Наумов" се формира на 11.11.1943 година, по наредбата на ГШ на НОВ и ПОМ под бр 18, селото Винени-Преспа, од партизанските одреди "Гоце Делчев" и "Даме Груев". формирањето на батаљонот го изврши политичкиот комесар на ГШ на НОП и ПОМ за Македонија, друг.Цветко Узуновски-Абаз,и членовите на ГШ Панче Неделковски и Дојчиновски Иван.Оифцијалното име на батаљонот беше Битолско-преспански батаљон "Стив Наумов", а бројното стање околу 9о борци-партизани,тројна формација,од по три чети, и Штаб на батаљ. Командант- не беше поставен, за в.д.командант и воедно за заменик на командантот е поставен Васко Карангелевски, за комесар Ѓоре Велковски-Коста, а заменик на комесар Илија Спировски-Панде.Другар-оот Цветко Узуновски-Абаз му го предаде батаљонското знаме пред стројот на Дамнета Петковски.После читање на наредбата примимев и партизанска заклетва.Свечаниот дел -чин се одвиваше на пољаната над селото с.Винени.Селаните и младината ни приредија ручак-се сеќавам гершла, тоа што имаја да ни дадат како сиромашен крај, се одржа митинг со селаните на кој зборуваше друг."Абаз" за востанието и војно-политичката ситуација,како и развитокот во НОП и ПОМ.

Нашиот батаљон стана трета крупна воена јединица на НОП и ПОМ во западниот дел на Македонија, и трет македонски батаљон во I. првата Македоно-косовска бригада, што вкупно ги имаше 5.батаљони во 1943 година, и това: "Мирче Ацев", Дебарсско кичевски" Стив Наумов и двата Косовски батаљони.

По формирањето на батаљонот "Стив Наумов"раководството на батаљонот со сите старешини,борци-партизани,извршија припрема до другата половина на ноември 1943 година и околу 2о ноември,батаљонот во непосредна близина с.Лескоец-Преспа, а напуштивме революционарна борбена Преспа и деморкационата ненародна граница,која ја бранеа бугарски фашистички сили.Така патот го продоживме во правец на Илинска планина за горна Дебарца,каде на 2.декември 1943 година во село Сливово се приклучивме во матичната I Македоно-косовска бри

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ на Социјалистичка Република Македонија ... одбор ... РЕСЕН

Нашите единици во бригадата тие деноj водеjа тешки борбри, низ цела Дебараца,против фашистичките немачки окупатори и балистичките банди на Мефаjл и Цемо.Борбите се водеjа за Кладник,Белица,Мраморец према Слатино, скоро низ цела горна Дебарца.Нецците и балистите уфрлуваа свежи сили против нашите еденици, а кои ги довлекуваа од правец на Кичево и Дебар, со цел окружување на партизанските единици и да не разбиjат со цела бригада на овоj терен.Во ввие борби на 3 и 4 декемвр ври 1943 година учествуваше и нашиот батаљон "Стив Наумов"заедно со I вата Македоно-косовска бригада.ГШ за НОП И ПОМ и штабот на Бригадат 5.декември 1943 год. во с.Сливово донесоа Одлука сите партизански единици со бригадата изврши марш во павец на Галичица,низ Егеjска Македониjа долна Преспа, Леринско поле,Каjмакчалан с.Фуштани Кожуф . Со цел ширење востанието на овоj терен и услови за формирање нови крупни партизански единици.Ноќта на 6 декември 1943 година со бригад-дата jа минавма деморкационата бугарска грабица во близината каj с.Лешани- пл.Галичица ,с.Пустец,с.Леска с.Зрновци а на 9 декември 1943 година бригадата со ГШ на Македониjа,членовите на ЦК КПЈ со друг.Светозар Вукмановиќ -Темпо- и Енглеската воjна мисиjе стигнаjа во село Герман-Преспа во Егеjска Ма кедониjа, а нашиот батаљон "Стив Наумов" 9/1о декември 1943 год.остана во с.Раби како главна заштитница на бригадата во овоj марш.Обезбедувањето се вршеше по сите воjнички прописи.Дента на пладне и ние се батаљонот стигнавме во селото Герман, каде беjа собрани скоро сите партизански единици одреди од овоj терен со позадинците.Првата етапа на маршот довде беше успешно завршена.Селаните во с.Герман два дена не снадбедеваа со храна, а беа изненадени со нашите толкави партизански Македонски снаги-сили.Партизанските врски преко ово село со селаните и младината успешно се развиваа во текот на НОП и ПОМ.

ПРВАТА СРЕДБА СО НАУМЕ ВЕСЛИЕВСКИ-ОВЧАРОТ- С.ГЕРМАН- ПРЕСПА 1943.г.

По дводневниот престоj во селото Герман-Преспа Егеjска Македониjа, со 1 македонска-косовска бригада и Главниот штаб на НОД и ПОМ и делегато на ЦК КПЈ, на средсело одржа се митинг со селаните и млади-ната на 11 декември 1943 г.На митинго зборуваша командантот на ГШ

Михаjло Апостолски-Дончо- и Светозар Вукманович-Темпо-

ЗДРУЖЕНИЕ НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Со комадниот кадар се одржа војно-политичко саватување во школото,за дотогашните борбени дејствија на бригадата во Г.Дебарца, каде се дадени задачи за натамошно дејство и развојот на НОП и ПОМ.

Извршена е реорганизација на 1 македоно-косовска бригада,така во баталјонот "Стив Наумов" за командант ни беше поставен Весликевски Науме "Офчарот",а дојде од баталјонот "Мирче Ацев".За комесар на нашиот баталјон е поставен Злате Биљановски-Михајло-,до тогашен комесар Вељковски Ѓоре-Коста отиде на нова должност во бригадата,заменик на комесарот е Илија Спировски-Панде-.Пред стројот на сите борци во батаљоно ни се преставија само со надимакот "Овчаро" и"Михајло",ради безбедностите се не кажуваат правите имиња во партизаните.Името на "Офчарот" и порано сам слушал и за неговата храброст,бидејки јуни месец 1943 год . над селото Брајчино,со група партизани изврши напад на једна италијанска фашистичка патрола,и ја разоружаја,и во долниот веш[illegible] пуштени да дојде во касарната на с.Љубојно.

По престојот во с.Герман-Преспа Главниот штаб за Македонија донесе Одлука да 1 македоно-косовска бригада следната етапа на маршот го продолжи на 12/13 декември 1943 год,правец с.Буф-Леринско поле-Кајмакчалан- с.Фуштани во подножјето на Кожув пл, низ Егејскиот дел на Македонија.Исто така и во оваа етапа баталјонот "Стив Наумов" имаше улога главна заштитница на бригадата и обезбедување на ГШМ во походо. Маршот го продолживме со бригадата рано во утринските часови сабајле стигнавме на пресеката, на полапатот од с.Гермијан до с.Вуф.За време на десетоминутен одмор, поред мене дојде "Овчарот" и ми вика Стојан ајде даја погледниме уште еднаш нашата рамна Преспа, за оваја година, и ако ја газат бугарските окупатори, но догодина тамо само наши сили и големи партизански единици ке маршираат,за окупатори место нема да има во Македонија, народот е сенас и затова ке победиме.Погледо и покретот на маршот не одалечуваше од сакананата бунтовничка Преспа. Идејки према с.Буф од планината видико на Преспа и Галичица се изгуби Сам себеси се мислам види каква оцена дава команданто "Овчарот" за идната 1944 година,Верба и морал ми всади првата средба.Во селото Буф останавме само дента и од како се снабивме со јадење,по пладне покрет за пл.Кајмакчалан,каде стигнавме на 14 декември 1943 година.

По одобренније на ГШ за Ма кедонија и штабот на бригадата добивме подолг одмор,каде се разме стивме во подножјето на пл. Кајмакчалан по бата љони , баталјоните по четите , четите по водови и оделение. Бидејќи од маршот бевме доста уморни ни дозволија да запалиме оган во шумата по од десетини да би се затоплилем, Во несреќен случај при палењето на огнот и кршење гранки за истиот од енгле ски автомат загина од нашит вод другарот Пандевски Јанев Ѓорѓи "Гога" роден во с. Лавци-ресенско Преспа.Смртта на Гога за сите партизани во бригадата беше голем потрес бидејќи бе ше највесел другар и меѓу најхрабрите од нас. Посебни причини за неговата смрт меѓу другарите немаше бидејќи беше еден од саканите во нашата единица.

По пладневниот повеќечасовен одмор бригадата и ГШ на Македонија со членовите на ЦК КПМ и членовите на ЦК КПЈ маршот го продолживме во колона по еден во правец на с. Фуштани с.Ноти и Лангавеја, каде на16.декември 1943год. стигнавме на овој терен во другата фаза на маршот. Овде беше воспоставена врска со организаторите на ЕЛАС во егејска Македонија .

Во другата половина на декември 1945год.во с. Фиштани се одиграа историски настани за НОБ и ПОМ ,така по одлука на главниот штаб за Македонија на 18 деќе мври 1943год. е формиран првиот партизански баталјон "Христо Ботев", од заробените бугарски војници од пограничната чета кај с. Коњско-Гевгелија, на чије чело бе ше поставен за командант Дичо Петров.На 2о декември 1943год. во истото с.Фуштани се формира другата Македонска ударна бригада.Исто така во ова село се одржа првиот конгре на НОМС на 22 декември 1943год.,каде и нашиот баталјон"Стив Наумов" даде делегати за омладинскиот конгрес ,каде беше присатен и командантот Веслиевски Наум-Овчарот .Овие настани беа свечено одбележени со приредби и веселба на кои учествуваше и месното население и младината од овие села .Селаните по овие села не дочекуваа со невидена радост и веселба како своја народна македомска војска за кои прв пат го слушаа својот мајчин македонски јазик,разговорот меѓу партизаните и населението .Големо задоволство претставуваше пеењето на песната "А бре Македонче кадд се спремаш" борба те чека борба за слобода за Македонија.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
... РЕВЕН

По наредба на Гланиот штаб за НОП и ПОМ нашиот батаљон "Стив Наум-мов" и партизанскиот бугарски батаљон "Христо Ботев" 25 декември 1943 година, извршивме напад во 3 часот, на бугарската погранична чета во селото Конско -Ѓевгелиско.Нападот беше изведен ноќа и по трочасовна борб беа убиени15 бугарски војници и 4 беја заробени. Наши имамев дојца загинати- Шумски и Гелевски Калиев Живко,р 1925 год. во село Асамати-Преспа. од нашиот батаљон.Нападот беше изведен под строга дисциплина,во сеќавањ ни остана самата наредба на "Овчарот" во непосредна близина на објектот за напад,речено ни беше да се собуеме боси по чарапи и све што тропат да се маскира во себеси, како од шумот не не откриаат бугарското обезбе вање пред самата касарна.По извршената задача батаљоните двата се вративме во село Ноти и Лангардеја, Егејска Македонија под Кожув планина. По нашата акциа селото Конско бугарските власти го запалија и доста селани беа истепани,бидејки и ово село имаша дадено партизани кој беа во нашиот батаљон.

Новата 1944 година нашата единица а пречевме во селото Ноти Егејска Македонија,селаните не чекаа како свој деце-пријатели,даваа за храна,месо свинско,колачи и др.На селската младина нашите другарки-партизанки,Кочовска Фана,Ташковска Лена,Овадија Мара и Олга Димова и вечерта одржаја другарска вечер во школото со селката младина,каде им зборуваа за борбениот пат на Македонскиот народ во борбата против фашизмо и иднината на Македонскиот народ, во Титова Југославија. Врските помеѓу населението и партизанските единици,на територијата во јужниот дел на Македонија беа изванредни,така беше народот организиран во овој крај да за секоја појава на фашистички единици,било немачки или бугарски,на време беаа известувани штабовите на двете бригади и ГШ на НОП и ПОМ со членовите на ЦК КПЈ и Енглеската војна мисија,каде се превземааа благовремени мерки за борба со фашистичките немачки-бугарски единици,кои наступаа од правец на Солун и од Гевгелија према Пајак,с. Лангардеа,с.Ноти,с.Фустани,Ошин,Ливадија и др.Во сировиот јануар 1944 на овој простор во Лангадиа,Тушин,Фуштани-Соподска,нашите бригади имааа доста офанзивни окршаји со немачки колони во текот на јануари,најтешка ни беше борбата за Лангадиа и Периклеа,гога по три пати паѓа во рацете те на една страна те на друга.По десеточасовна борба непријателот беше разбиен и присилен на повлекуване.Неприј,имаше доста мртви у ранети е

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

проценето и како кажуваат селаните имаше преку стотина мртви и ранети германски војници и официри.Запленето е 8 пушкомитралези, 6 автомати и многу пушки,1 радиостаница и друга војна опрема.Најжешки окршаи имаа единиците на 1 македоно-косовска ударна бригада,во чии состав беше и наш нашиот батаљон "Стив На умов" ,и 2 македонска ударна бригада на 8 и 18 т јануари 1944 година,кога на немците им пристигнаа свежи сили одправец на Солун -Пајак планина.На оваа планина се наоѓаше партизански аеродром каде добивамев војна помоч од Енглезите во тие последни јануарски денови за обезбедување аеродромо времено одредена беше 3 тата чета од нашиот батаљон,ачии командир беше Брбевски Сотир-Илчо,родом ос с.Лавци-битолско а одговорен за аеродромот Дојчиновски Иван-Димче,член на ГШ за Македониј Последна јануарска борба што ја водевме на овој терен против немците и бугарските окупаторски сили е борбата за аеродромот, каде нашите единици под голем притисок со надмочни непријателски сили,бевме потиснати да се повлечиме кон Кожуф план.во с Зборско.Ово село е пикнато во подножјето на Кожуф а слично орлово седло во поширок смисал.Во ово село е донесета оддлука на ГШ за Ма кедонија,чие командант е Михајло Апостолски-Дончо, со членовите на ЦК КПЈ др.Светозар Вукмановиќ-Темпо,Добривоје Радосављевич-Орце,со член.на ГШМ Узуновски Цветко-Абаз,Неделковски Панче и др. за понатамошно партизанско ратовање низ целета територија на Македонија.

1 Македоно-косовска ударана бригада,без батаљонот "Стив Наумов" има задача да изврши покрем во правец с.Зборско-Мориово-Богомила-Поречје-Дебарца. 2 га бригада доби задаток да дејствува на просторот Тиквешијат -Неготинско-Гевгелија, со наслон Кожуф пл.Со цел развивање на НОП и ПОМ, наносејки што поголеми жртви на окупаторските фашистички сили низМакедонија, и ослободување на нови партизански територии и сл.Одлуката дејству од 31 јануари 1944 год.

Батаљоно"Стив Наумов" се вели во одлуката на ГШ на Македонија, се одвојува физички од составот на 1 македоно-косовска ударна бригада и ке дејствува како самостална единица,под команда на ГШ за НОВ и ПОМ во текот на февруари 1944 година под специјална улога и задача во походот од Кожуф - Козјак, низ источна Ма кедонија.

## Ф е б р у а р с к и п о х о д

Штабот на батаљонот "Стив Наумов" пре д почетакот на походот го сачинива командант Наум Веслиевски-Овчар,комесар Зате Биљановски-Михајло,

заменик командантa баталјона е Васко Карангелески, заменик комесар на баталјонот е поставен Петковски Дане ,а досегашниот Илија Спировски-Панде и инг Воин Драшкити отидоа на нова должност во Првата македонска косовска ударна бригада .Курири во баталјонот беа се сеќавам Алексо Куновски родум од с. Бистрица и Митко Прцуловски родум од с. Царев Двор-Преспа.На 31 јануари 1944год. во с.Зборско Егејска Македонија, командантот на баталјонот Наум Веслиевски-Овчарот, доби задача од Главниот Штаб за НОВ и ПОМ другарот Михајло Апостолски - Дончо да изврши припрема во баталјонот за февруарскиот поход.Сета припрема во единицата на баталјонс беше извршена во определениот рок и сабајлето на 1 февруари 1944год. единицата бешии спремна за поход и формира колона по сите воени прописи за обезбедувањаж на маршот и така тргнавме утрината во правец на Пл. Пајак р.Вардар.Со нашата единица беше одреден бугарскиот партизански баталјон "Христо Ботев" чии командант беше Дичо Петров а комесар на баталјонот Петре Балабурски-Минче родум од Гевгелија.

Од Главниот Штаб на НОБ и ПОМ беа другарот Михајло Апостолски-Дончо, командант на Главниот штаб,Страхил Гигов-Андре,Веселинка Малинска, Љиљана Чаловска, Тихомир Милошевски-Тико,Светозар Вукмановиќ-Темпо член нахЦККИ ЦК на КПЈ и членот на КПБ Бојан Балгарјанов - Иван.

Реката Вардар ја поминавме во непосредна близина кај с. Оризари на 30-40 км од Солун,ни преку една дрвена пловна скеле кое собираше 30-35 луѓе .Овој премин го извршивме без икакво сомнеж и откритија од страна на непријателот,така на 10 февруари целата колона во маршот пристигна безбедно во с. Шугово према Дорјанско езеро . По еднодневен одмор и откако се снабдевме со храна маршот го продолживме 10/11 февруари 1944г по падините на Беласица .Така напладне стасавме на тромеѓето на Пл.Беласица на височина од 2000 м. Од Грчката страна снег немаше по патот кадеи се качувавме така целата комора слободно ја носеше опремата и радио станицата заедно со Англеската воена мисија која беше придружник на Главниот штаб.На врвот на Беласица се судривме со вчудоневидено снег ки кој ни го оневозможуваше понатамошното движење на комората во нашата единица.

За да се овозможи движењето на коњите поради големиот снег во правецот на движењето пред нив се поставуваа ќебиња,но и овој обид не даде резултати за комарата-коњите.Главниот штаб другарот Апостолски и другарот Темпо издадоа наредба на штабот на баталјонот да се опремата-товарот од коњите распореди подеднакво во колоната на партизанит што беше и сторено .Селаните кои беа водачи од с.Шугово до Беласица заедно со коњите беа вратени назад во неговото село.

По кусиот одмор другарите Темпо и Апостолски ни одржаа кус припремен говор пред два та баталјона за престојниот борбен марш низ источна Македонија до Козјак Планина -Кумановско.Во говорот Темпо ни се обрати со следните зборови :"Другари сакате ли борба,ете онаму е Македонија ,~~xxxxxxxxx~~Таму се фашистички бугарски окупаторски единици и со нив треба да се бориме-тоа е македонска земја" гледајќи во правецот на струмичката котлина -Плачковица, Осогово, Козјак-Кумановско.

По овој говор командантот на баталјонот Наум Веслиевски -Овчарот наредија покрет на единицата ,каде се формира партизанската колона напред тргна предходницата спуштајќи се низ шумата по демаркационата линија во правец на Ново Село за Плачковица.

Времето беше мошне негостопримливо .Снежни те виулици ни го отежнуваа движењето .Напоредо со ова постојано се судрувавме со бугарската фашистичка војска и полиција ,кои мошне подмолно не чекаа во заседи. Врските со задницата, по силата на приликите ,привремено затаија. Бевме оставени сами на себе.

Борбената маршута почна да се граничи со навидум непремостиви тешкотии. Понекогаш дневно напредувавме само по пет километри, но сојузништвото на лошото време и окупаторот не нé обескуражи на славниот пат.Исцрпени од студ и глад ,неспани и до кожа искиснати борците не потклекнуваа и се држеа онака како што им доликува на вистински пролетери.Дури и потешко ранетите другари не сакаа да го напуштат борбениот строј. Еден од нив беше и Борис Стојановски од Бистрица-Битолско.

Членовите на англиската воена Мисија ,што иста така не придружуваа беа вчудовидени од херојството на партизаните.

15/16 февруари 1944год. движењето со двата баталјона и Главниот штаб за Македонија го продолживме кон врвот Гавран а од тука правецот на движењето беше изменет по наредба на Главниот Штаб, штабот на баталјонот им нареди на предходницата патувањето да го сврти за 180 степени во правец на запад кон с.Трсино и Максимовци.Тука успеавме да се провлечеме помеѓу две бугарски фашистички заседи, та ка ненадејно и неоткриени маршутата ја продолживме во текот на ноќта под врнеж од снег и студ во правец кон мостот на Исти Бања,пред самото осамнување избивме на еден километар предмостот.Главниот штаб нареди да командантот на баталјонот"Весливски Наум-Овчарот" со група партизани од предходницата изврши скришен премин преку мостот на Брегалница и обезбеди премин на колоната од евентуални бугарски заседи.Мостот беше обезбеден са мо со селска стража која ненадејно беше разоружана без икаков отпор и преминот преку мостот сега непречено можеше да се одвие.

на 17 февруари 1944год. бугарите го открија на шиот правец и брзо донесоа нивни единици кои припаѓаат од 17 фашистичка бугарска единица така да скоро целиот ден водевме жестока борба со овие сили и вечерта во самиот мрак успеавме да се одвоиме од судирот со бугарите и ноќта ја продолжибме движењето по Осоговските планини према с.Цера кон Козјак Планина.Во овој судир со бугарските единици загинаа нашите другари и тоа Славе Јосифов Диневски,родум од с.Долно Дупени,Цветко Трајко Думбовски родум од с.Љубојно Преспа,Несторовски Вангел Славе од с.Стење Преспа,Гули Јевре јчето од Битола, Борче Младеновски од с.Велмеј Охридско и Панде Дуганов родум од Гевгелија.

Во с.Герман ка ј Крива Паланка со единицата пристигнавме на 23 февруари 1944год. Во селото останавме цел ден и за прв пат по толку долгото маршираење добивме топло јадење и се одморивме. Утрината маршот продолжи во правец на Перен Планина. Одејќи по сртот нашата предходница забележа да на врвот на Перен се движат непознати луѓе.Нашата извидница од четат на Пецо Гудовски откри дека тие луѓе се всушност четници од единицата на Дражо Михајловиќ кои вршеле обезбедување на неговите единици кои тука се наоѓале .Штабот на баталјонот издаде наредба на предходницата веднаш да се изврши напад и по секоја цена да се завземе врвот затоа што истиот беше клучен за водење на понатамошна борба.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Во борбата со четниците заробивме еден четник од кој дознавме за тоа каде се наоѓаат други нивни единици. Воедно дознавме од него и за тоа да има и партизански единици во правецот на Жегљан и Пелинци. Во судирот со четницата имаше загуби од наша страна .Загина Спиро Павле Мановски родум од с.Долно Дупени Преспа,а ранети Папс и Томас. По разби вањето на четниците патот го продолживме кон с.Кокино каде и ја поминавме ноќта. обезбедени и чувани од наше обезбедување.
Изутрината по наредба на Главниот Штаб ,штабот на баталјонот одреи група извидници во состав од Станковски Бошко,Савевски Димче и Шуковски Стојан со задача да воспоставиме врска со партизанските единици на кумановскиот терен .Заради исполнување на задачата тргнавме во правец на с.Жегљане ка де стасавме околу 10часот ,На почетокот од селото т.е. пред првата куќа Бошко и Димче останаа во заседа а јас бев испратен со зада ча да се провери евентуално присаство на четници, а и партизани. Од домаќинот на првата куќа бев известен да четници во село нема, истите биле пред недела дена и заминале од другата страна на Козјак-територија на Србија, а во селото се наоѓаат партизани и тоа Карпушовци.
По тоа известување ги повикав двата другари кои чекаа во заседа и потаа за едно со селанецот кој не водеше отидовме во школото каде беше сместен штабот на Карпошовците .Тука воспоставивме врска со Бане Андреевски, Мара Нацева,Дане Цеков ,Гојчо Стефановски,Љупчо Арсов,Андонов Методија Тото и др.Тие се интересираа од кого сме испратени и кој од главниот штаб е во составот на нашата единица.Откако им соопштивме дека со нас се Светозар Вукмановиќ-Темпо,Михајло Апостолски ком. на Главен штаб за Македонија,Страхил Гигов-Андреа,Тихомир Милошевски-Тико,Методија Андонов-Ченто,Лилјана Чаловска,Веселинка Малинска ,Зафировски Митко и др ка ко и енглеска воена мисија настана општа радост и веселба.
Оваа вест се прошири низ целото село каде беа разместени партизанските единици од бара љонот"Христијан Тодоровски-Карпош" и "Јордан Николов" со што веселбата се прошири.

По полчасовен одмор во школото Пелински Блаже,Ило од Врготурско село Наскоски Страшо-Кета ,Станковски Бошко и Савевски Димче беа одредени од Штабот на кумановските партизански единици како курири со задача да

се вратат во Кокино село на Козјак Планина со вест да врската со партизанските единици во с.Жегљане е воспоставена.
Наведените другари пристигнаа во Кокино село пренесувајќи ја веста дека врската е воспоставена.Главниот штаб веднаш издаде наредба на двата баталјона т.е. на штабовите на баталјоните"Стив Наумов" и "Христо Ботев" да се единиците подготват за покрет кон Жегљане.Во селото Жегљани единиците пристигнаа во попладневните часови со што заврши Февруарскиот поход а со тоа е исполнета замислата, планот и одлуката на Главниот штаб за НОБ и ПОМ да се членовите на ЦК КПМ ,делегатот на Главен штаб на Југославија и дел од членовите на Главниот штаб на Македонија префрлат низ источна Македонија и тоа од Кожув до Козјак на кумановски терен за да се воспостави врска со партизанските единици со цел формирање на нови крупни партизански единици и создавање попоболни услови за нови партизански територии и разгорување на партизанското движење низ источна Македонија во текот на 1944год.,а тоа донесе услови да се одржи првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944год.во манастирот Прохор Пчински.

Февруарскиот поход траеше од 31јануари 1944год тргнувајќи од с.Зборско под Кожув планина ,р.Вардар ,Беласица ,Плачковица,Осогово,Руен,Козјак до 25 февруари 1944год што вкупно изнесува 24дена марширање односно 440км изминат пат во најтешки зимски услови .
За оваа задача единиците на баталјоните"Стив Наумов" со својот командант Веслиевски Наум-Овчарот и"Христо Ботев" беа пофалени од Главниот штаб на Македонија за успешно изведениот Февруарски поход.

## ФОРМИРАЊЕ НА ТРЕТА МАКЕДОНСКА УДАРНА БРИГАДА

На 26 февруари 1944год во с.Жегљане формирана е Третата Македонска ударна бригада .Формирањето се изврши во школскиот двор предпладне каде беа построени сите партизански единици наиме трите баталјони и тоа "Стив Наумов", "Христијан Тодоровски-Карпош", и "Јордан Николов".
Присатни беа и членовите на Главниот штаб на Македонија, на чело со командантот Михајло Апостолски-Дончо,делегатот на врховниот

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОБ Општинска конференција на Социјалистичка Република Ресен

штаб Светозар Вукмановиќ Темпо,Страхил Гигов,Лилјана Чаловска, Мара Нацева, Веселинка Малинска,Бане Андреев-Ронката, Стефановски Гојчо, Љупчо Арсов,Методија Антов-Тота,делегатот на КПБ Бојан Балгарјанов-Бај Иван , Митко Зафировски и др. како и англиската воена мисија при Главен штаб за Македонија.Од страна на српските партизански единици присатни беа Живоин Николиќ Брко и Милан Зечар од Косовскиот партизански баталјо

Откако беше прочитана наредбата на Главниот штаб за формирање на третата бригада беше одредено бригадно штабско раководство и тоа : за командант на бригадата поставен е Тихомир Милошевски-Тиќо,комесар на бригада Ќирил Михајловски Грујица,заменик комесар Биљановски Злате Михајло, заменик командант на бригадата беше поставен Миљовски Боро., и за интендант на бригадата Бојковски Атанас-Зафо.

Но формирањето на бригадата Темпо одржа говор пред построените борци. Од неговите зборови избиваше длабока верба во нашите воени партизански сили, во праведноста на борбата против фашистичките окупатори и јасна перспектива за блиската победа над германскиот фашизам и неговите бугарски окупаторски слуги.По говорот на Темпо за борбениот развој во Македонија ни зборуваше Другарот Михајло Апостолски Дончо.

По одржаниот свечен чин откако се формира бригадата добивме одмор и настана општа веселба.Запознавајќи се меѓусебно за постигнатите успеси и неуспеси во текот на походот прв пат дознавме дека на 7 февруари 1944 година во борбата со бугарите загинал легендарниот командант Христија Тодоровски Карпош кај с.Билека.

По веселбата која заврши во пладневните часови сите единици се упатија во манастирот Прохор Пчински каде пристигнавме во вечерните часови на 26февруари .Единиците во манастирот останаа 27 и 28 февруари каде што с одржа воено политичко партиско советување со сите раководства на парти занските единици.

Главниот штаб беше известен од мештаните дека четниците на Дражо Михајловиќ вршат концентрација на своите сили кај Сејаци со намера да го на паднат манастирот Прохор Пчински и Главниот штаб.

Бригадата со Главниот штаб ,српските партизански единици начело со командантот Живоин Николиќ Брка,косовскиот одред со командантот Милан Зечар,во утринските часови на 29 февруари пристигна во с. Сејаце-Врањско.и веднаш ги нападнавме четниците кои беа изненадени од нападот и бројноста и надмоќноста на нашите сили.Четниците со големи загуби беа потиснати во р.Пчиња, некои од нив се удавија,некои успеаа да препливаат а поголем дел се предадоа , преко 1оо четници беа заробени а околу 4о загинати.Запленето 2 минобацачи, 4 митралези и други ратни материјал.Заробените четници кажуваа да има доста од нив кој се без оружје и да се мобилизирани на силом од околните села. На 1 март Темпо им одржа говор на заробените четници и ги повика да стапат во редовите на НОВЈ, така околу 5о четници се доброволно јавија во нашите единици, останалите беја пуштено дома,7 седум мина беја осудена од војниот суд на бругадата затова што беја познати злосторници и казната беше одма извршена на четниците.

Во борбата кај селата Ново Село и Горуновац 5/6 март 1944 год четничкиот "Вардарски корпус беше напоолно разбијен и уништен од третата бригада, јужноморавските и косовските партизански единици,кој здружено ги нападнавме.Оваа борба последна беше со четниците на територијата во зафатот Куманово-Крива Паланка-Црна Трава - Врање.Овој терен постана маневарски простор на партизанските единици,на 6,7 и 8 Српска, и третата Македонска ударна бригада во текот на летната непријатесла офанзива 1944 година. Кај населението и народот позната територија викана Брkова држава, по легендарниот партизански командант Живојин Николиќ -Брко.Сите напори и борби бугарскиот фашистички окупатор не успеја да успостави нејзина власт.Сиот народ беше за НОПЈ, за нова Титова Југославија, без граници на нејзиниот простор.

ПРВ НАПАД НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА РИСТОВАЦ

Третата Македонска бригада во чии состав беше и нашиот баталјон "Стив Наумов" и Косовскиот одред (од два баталјони) на 27.03.1944год беа сместени на краток одмор во с. Буштрани-Вранско.Тука Главниот штаб на НОБ и ПОМ другарот Михајло Апостолски и Темпо донесоа одлука да се изврши напад на железничката станица Ристовец во текот на ноќта 27/28.03.1944 Беше утврдено преку извиднички органи и месното население да во станицата се наоѓа една фашистичка бугарска чета засилена од германски војници и вооружени бугарски чиновници.Оваа единица припаѓаше од бугарскиот гарнизон во Врање.Така во текот на денот беа извршени сите подготовки со борбениот состав на овие две партизански единици.Единиците во текот на ноќта беа доведени во непосредна близина на објектите за напад. Со силен и ненадеен напад беа нападнати бугарските сили кои ја обезбедуваа станицата.Во нападот беше демолирана самата железничка зграда ,наполно беше демолирана и уништена водоцрпната пумпа на железничката станица. Исто така беа уништени 4 композиции,7 авионски мотори,6 камиони и 3 цистерни со бензин.Беа убиени преку 50 бугарски војници и офицери,а заробени беа 7 немачки и 17 бугарски војници и железничари.Запленети беа 2 пушкомитралези,30 пушки,муниција и друго.По оваа успешна акција од нашите партизански единици железничкиот сообраќај меѓу Ниш и Скопје беше прекинат за неколку дена.Нашите единици успешно се повлекоа во утринските часови,во правец на с.Буштрани и с.Русце.Селаните од овие села во припремата за самиот напад покажаа посебна приврзаност со давање точни податоци за непријателот.

По нападот на железничката станица Ристовац,Третата македонска бригада и Косовскиот одред се групираа во с.Русце.Бидејќи се очекуваше да бугарските фашистички војски од Врање да реагираат со поголеми сили кон Ристовац беа поставени појаки обезбедувања. На 28.03.1944год. од кон Врање-Ристовац нее појавија само мали извиднички колони-бугарска пешадија.Утредента веќе нашите единици го напуштија с,Русце и се упатија кон манастирот Прохор Пчински.Бугарите излегоа на ртот и се задржаа до

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ за Социјалистичка Република Македонија Општински РЕСЕН

стемнувањето на 29.03. ,а потоа се вратија во гарнизонот Врање.Нашите пет баталјони на овој ден беа стигнати во манастирот Прохор Пчински. Оперативното раководство на овие две единици направија анализа со старешините и штабовите наши баталјоните за досегашните борбени успеси и слабости.Главниот штаб на НОБ и ПОМ другарот Михајло Апостолски=Дончо и Темпо донесоа одлука да се изврши ненадеен напад на рудниците Добрево и Пробиштип кои произведуваа олово и цинк.Третата бригада со три баталјона напаѓаше на Пробиштип,а Косовскиот одред на Добрево(со двата баталјона).

Некои податоци за рудниците ни дадоа борците од бригадата и мештаните кои порано таму беа рудари.Група борци беше испратена во извидување да собере детални податоци за силите и начинот на обезбедувањето на рудниците и со овие податоци не дочека во с. Мушково на Осоговска планина. Групата ја изврши задачата и се врати во селота.

По краткиот одмор беа извршени последните припреми за напад и следната ноќ единиците се упатија према предвидените објекти и тоа по маршута Мушково-Китка-Буковац-Градиште. По целиот пат времетобеше мошне лошо, врнеше снег со дожд и дуваше силен студен плански ветер. Во оваа маршута штабовите на баталјоните водеа посебна грижа за борците за да не заостане некој во текот на маршот.Така се сеќавам нашиот командант Овчарот преку своите потчинети вршеше честа контрола на бројноста на борците .

Нападот на рудниците почна на 3.04.1944год.во раноутринските часови, а борбата траеше преку 3 часа.Беа уништени сите уреди за преработка на олово и цинк,запалени беа рудничките згради каде беше сместена војската ,а беа убиени преку стотина немачки и бугарски војници. Заробени беа околу 50 бугарски војници, запленето 2 пушкомитралези,40пушки,6 сандаци муниција,2 радиоапарати,а 120 работници од рудникот Добрево доброволно се пријавија во нашите редови-Косовскиот одред кој најголем број беа селани насилно мобилизирани на Косово и доведени во рудникот на работа. Командант на косовскиот одред беше Милан Зечар-Обрен од Косово ,а политички комесар Јаворина Сашо.

Од нашиот баталјон со кој раководеше Веслиевски Наум Овчарот во борбата за Пробиштип беа ранети тројца другари, Ристевски Митин од Подмочани, Илиевски Славе-Стево од Кривени и Илковски Панде с.Брусник битолско. Овчарот со својот штаб посебна грижа посветуваше за ранетите да не паднат во рацете на непријателот, а медицинска нега им посветуваа нашите другарки -болничарки партизанки Естреја Овадија Мара и Лазарева Аница родум од Битола.

По оваа борба единиците благовремено се извлекоа во правец на с.Герман на Козјак планина .

Во втората половина на април 1944год. во с.Равно на Козјак планина-Кумановско Прцуловски Митко од Царедвор и јас Шуковски Стојан бевме повикани во Штабот на баталјонот каде се јавивме на нашиот командант Веслиевски Наум-Овчарот .Овчарот ни нареди да се јавиме кај командантот на Главниот штаб на Македонија Михајло Апостолски-Дончо и кај Светозар Вукмановиќ-Темпо член на ГШ на Југославија .Нашата задача беше да постојано бидеме пратици, а воедно и курири за врски помеѓу штабовите на Третата Македонска бригада и тоа со штабовите на шестата и седмата српска бригада како и со командните места на територијата низ Јужна Србија и Источна Македонија од Вардар ,Козјак планина ,с.Трговиште,Црна Трава и обратно, према местата каде се изведуваа борбени акции од страна на нашите бригади.Како на нашиот командант-Овчарот така и на нас разделбата ни падна тешко бидејќи ги напуштавме нашите најверни ратни другари и другарки од баталјонот .Со новата задача престана ратното другарување со силот борбен состав од баталјонот.

Последна средба со Овчарот беше за време на одржувањето на Првото заседанија на АСНОМ во Прохор Пчински на 2.08.1944год.Тогаш нашиот баталјон "Стив Наумов" беше во непосредно обезбедување на објектите каде се одржуваше АСНОМ .Наум Веслиевски Овчарот со својот баталјон излезе од составот на Третата македонска бригада.На 3-4 .о8.1944г. го напушти Прохор Пчински и продолжија во правец на Страцун, Плачковица, Беласица, Кожув планина.

Митко Прцуловски и јас Шуковски Стојан и понатаму останавме како курири при Главниот штаб на Македонија до октомври 1944г. кога бевме поставени на нови воени должности.

XX



II

Сојуз на здружениата борците од НОВ Ресен

## КОЈ БЕШЕ НАУМ ВЕСЛИЕВСКИ - ОВЧАРОТ

"Овчарот" е роден во село Златари-преспа 1921 година,Македонец,потекло земјоделско семејство.Човек висок,крупен,црномањест,еден меѓу најреволуционарните комунисти во борбена Преспа.

Прв пат за Овчарот сум слушнал со пристигнувањето на баталјонот"Стив Наумов " во почетокот на декември 1943год. во Дебарца с.Сливово каде беше сместен Главнит Штаб на НОВ и ПОМ.

Меѓу другарите се дискутираше каде се наоѓа Овчарот.Разбрав да Овчарот се наоѓа на специјална задача испратен од штабот на Првата македонска-косовска бригада,слушнав за неговата храброст и тоа дека бил учесник во групата заедно со Крстета Соколовски и Ѓорѓи Бендевски-Ѓон во нападот на италијанската патрола над с.Брајчино.

Првата средба со Овчарот беше на 10.12.1943год во с.Герман-Преспа кога по наредба на Главниот Штаб на Македонија беше поставен за командант на баталјонот "Стив Наумов" кој беше преместен од составот на баталјонот"Мирче Ацев".Тогаш Овчарот пред стројот се поздрави и претстави на сите борци.

Мојот прв сусрет и впечаток од Овчарот настана кога од бригадата на 12.12.1943год. маршираме од с.Герман во правец на Був-Леринско.

Во дадениот одмор на пресеката на планината Герман ми пријде погледнувајќи во правец на родните места кои останувааа зад нас и со тага напоменувајќи да селата ги оставаме под бугарската окупаторска власт, но верувајќи во нашата борба,истрајност,желба за слобода,љубов кон Македонија и верба во народот, да нашата Преспа наскоро ќе има наши партизански единици и ќе нема место за фашистичките окупатори.

Од начинот на кој ги кажа овие зборови,почувствував дека пред мене се наоѓа храбар,одан,решителен,самопрегорен командант полн со љубов кон татковината и луѓето во неа,човек во кој може да се има доверба и без икакво сомнение да се извршуваат неговите наредби и престојни задачи.

Долг беше борбениот пат на баталјонот"Стив Наумов" на чело со Наум Веслиевски-Овчарот,по кој пат тој ги покажуваше своите воени особини.

Храброста се гледаше во извршените  успешни напади; на бугарската по-гранична касарна кај с. Коњско-Гевгелиско 26.12.1943год. ,во борбата против немците во Лангардеја и   ноти во Егејска Македонија,посебно неговата храброст и умешност во командувањето со своите пролетери во текот на Февруарскиот поход 1944год.од Кожуф до Козјак, во пробојот на мостот Исти Бања 16 февруари1944год.,во борбата против четниците на Дражка Михајловиќ, на Перен планина 24.о2.1944год.,борбата во с.Сеаце-Русце-Ново Село 29.02.1944, во нападот на железничката станица на Ристовац 27/28.о3.1944год,нападот на рудникот Пробиштип и Деброво о3.о4.1944год.,нападот на Кратово 25.04.1944 и други борби во текот на  летната офанзива.

Учествувајќи во овие борби Овчарот покажуваше посебна органузациона способност при изведување на нападите со тоа што постојано вршеше лична контрола на подготовкитепред борбите,т.е. контрола на бројниот состав,обученоста,материјалното обезбедување,снабденоста со борбените потреби.По извршените борбени задачи посебно се интересираше за евентуалните загуби,за ранетите-која грижа правеше голема верност,поврзаност на самите  борци меѓу себе како и кон старешините и него.

Еден од примерите за грижата на ранетите беше и случајот на извлекување на ранетите од рудникот Пробиштип-април 1944год.

Неговиот борбен и силен дух и грижа за борците се гледаше во Февруарскиот поход.Ги бодреше борците  да издржат во студот,снегот,грижејќи се да постојано бидат во движење како не би имало последици од смзнувања водејќи грижа да не изостане некој од редовите на единицата и засекогаш остане завеан од снегот.

Во Февруарската епопеја не случајно Главниот Штаб на Македонија неговиот баталјон го одвои од Првата Македонска-косовска бригада.Од 31.о1 1944год. во с.Зборско стана пратечки баталјон на Главниот Штаб на Македонија во чии состав беше и делегатот на Врховен Штаб на Југославија Темпо, со задача по секоја цена да изврши префрлување од Кожуф-Козјак планина ,пробивајќи долг пат преку 440км.низ снежните планини и тоа:

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор Ресен

Беласица,Осогово,Плачковица,Руен,Козјак планина до с.Жегљане воспоставувајќи физичка врска сотамошните партизански единици.
Овчарот секогаш во маршот одеше со претходницата и неговото присаство беше во најтешките и судбоносни акции.
Февруарскиот поход траеше 24 дена и ноќи,За оваа успешна епопеја Овчарот со целиот батаљон беше писмено пофален од Главниот Штав на Македонија и другарот Темпо пред стројот на сите борци и старешини и тоа на 26.о2.1944год. денот на формирањето на Третата Македонска Бригада во с.Жегљани.
Секој се гордееше што му припаѓаше на овој баталјон,што се бори под знамето на тој легендрен јунак"Стив Наумов".
Овчарот беше за нас преку стотина негови пролетери,борци,доброволци старешина на една борбена фамилија сочинети во дух со иста борбена идеја"еден за сите-сите за еден" и секогаш со предубедување како победници, каде за пораз незнаеше.Покажуваше верба во победата над фашистичките бугарски окупаторски единици нанесувајќи големи загуби во нивните редови.Такви загуби особено беа на Црноок,Бабина Пољана,Чупино брдо,Црна трава и други.
Секој пат беше весел и омилен меѓу борците ,умерен во своите наредби.
Омиленоста,довербата на Овчарот во составот на единицата се гледаше и во тоа што беше изабран како делегат на Омладинскиот конгрес НОМС 22.12.1943год.кој се одржа во с.Фуштани-Егејска Македонија.
Беше делегат на првото заседание на АСНОМ кое се одржа на о2.о8.1944год во манастирот Прохор Пчински.
Целиот баталјон на Овчарот беше во непосредно обезбедување на зградата каде се одржуваше Првото заседание на АСНОМ.
Од оваа единица израснаа голем број воено политички кадрови, кои по војната отидоа на разни должности како во армијата така и во цивилната власт ,во службата за внатрешни работи и слично.
По војната од овој состав беа прогласени четири народни хероји и тоа Естреја Овадија Мара,Кочовска Фана,Биљановски Злате Михајло и Карангелевски Васко.

Голем број старешини од нашиот баталјон по војната останаа виши офицери кои командуваа со покрупни воени единици , меѓу кои од составот на баталјонот израснаа два генерал-пуковника:Карангелевски Васко и Петковски Дане и еден генерал-мајор Димче Савевски.

Наум Веслиевски "Овчарот" целиот свој живот го посвети за добробит на македонскиот народ, а со тоа остварувајќи ги идеалите на илинденските предци од 1903 год. и делата на КПЈ и КПМ и саканиот Тито.

Овчарот во текот на војната и по војната израсна како прв командант баталјона во Македонија -баталјон "Мирче Ацев"и"Стив Наумов" 1943год. а по војната вршејќи должност командант дивизије

Овчарот за сите преживеани соборци останува во сеќавање како,голем јунак ,а за мла дите поколенија вечна легенда .

Сеќавањето го дава негов соборец
пензиониран потполковник на ЈНА
Стојан Шуковски
Шуковски Стојан с.Брајчино
Преспа

Скопје 1989год.

ул."Мито Хаџивасилев Јасмин" 30/4
тел. 228-367

Препис



СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

58

НАРЕДБА НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОВ И ПО НА МАКЕДОНИЈА ОД 11 НОЕМВРИ 1943 ГОД. ЗА ФОРМИРАЊЕ НА БАТАЉОНОТ " СТЕВАН НАУМОВ"

Главен штаб на народно-ослободителната војска
и партизанските одреди на Македонија

До штабот на баталјонот "Стеван Наумов"

Н а р е д б а

бр . 18

Во врска со меѓународната ситуација,која дава се поголеми можности на поробените народи да ја развијат и прошират борбата до потполно истерување на германските окупатори и нивните слуги, и во врска со Наредбата на Главниот штаб на Народно-ослободителната војска и партизанските одреди на Македонија за создавање на Народно-ослободителна војска на Македонија

Н а р е д у в а м е:

80 бор 48 борци

1)Од Одредот "Гоце Делчев" и "Даме Груев" да се формира еден батаљон од з чети,кои ќе го носат името Стеван Наумов.

2)За заменик командант на батљонот се поставува другарот Васил Карангеловски,кој до понатамошна наредба ќе врши и должност на командант на батаљинот.

3)За политички комесар се поставува другарот Ѓорѓи Велков(Коста), досегашен на одредот "Гоце Делчев".

4)За заменик политички комесар се поставува другарот Ило Спировски (Панде),досегашен политички комесар на одредот "Даме Груев"

5)Штабот на батаљонот да изврши свечано предавање на батаљонското знаме и свечано да го формира батаљонот.

6)Штабот на батаљонот да изврши полагање заклетва на сите другари кои тоа досега не го направиле.

7)Штабот на батаљонот да изврши предавање на чинови предвидени со наредбата на Главниот штаб.

8)Штабот на батаљонот да ги снабди сите партизани со петокрака ѕвезда и македонско знаменце,кое ќе се носи на капата под ѕвездата. Согласно наредбата на Главниот штаб, ѕвездите и знаменцата да бидат еднообразни.

9)Штабот на батаљонот при прва прилика да изврши специјално обучавање со раководниот воен и политички кадар,како и општа обука со целиот батаљон.

10)Оваа наредба да се прочита пред стројот на сите партизани за време на формирањето на батаљонот.

11-XI-1943 год, Ситуација

ЗА ГЛАВНИОТ ШТАБ
НА НАРОД.ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ВОЈСКИ И ПАРТIЗ.
ОДРЕДИ НА МАКЕДОНИЈА

Член на Глав.штаб-Диме "Ѓ" Пол.комесар -Ибраим

Бтаљонот добил назив по името на народниот херој Стеван Наумон-Стив, политички комесар на Оперативниот штаб на Македонија, кој загина на 12 септември 1942 год. кај с.Болно, околија Ресенска, во борбата против бугарската полиција и војска.

Одредот "Гоце Делчев" е формиран во септември 1942 година. Главниот дел на Одредот на 24 септември 1943 год, влезе во состав на батаљонот "Страшо Пинџур", додека преостанатиот дел, кој во тоа време оперирал на територијата на Преспа, влезе во состав на батаљонот "Стеван Наумов".

Одредот " Даме Груев"е формиран на 6 јули 1942 година. Главниот дел на Одредот на 18 август 1943 година влезе во состав на батаљонот "Мирче Ацев", додека помалиот дел остана на теренот на Преспа се до влегувањето во батаљонот " Стеван Наумов".

Знамето е предадено на денот на формирањето на батаљонот.

Ибрим-е Узуновски Цветко, а родом од Царев-Двор- Преспа.

Диме-Иван Танев-Дојчинов од Гевгелија е родом.

Преземено од "Зборник докумената и података о НОР..." том 7 книга 2, документ број 79.

Препис е од книгата Битолските партиз. Одреди од 1982 год. стр 638.

Скопје 1986 год. Го изврши пензион. потполк. ЈНА

ул. "Љубљанска" 24/4-и стан Стојан Шуковски с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на борци од формирањето или во одредени периоди биле во баталјонот "Стив Наумов" 1943-1944год

ОД ПРЕСПА и околијата

1. Наум Веслиевски-Овчарот с.Златари 1921 † командант на баталјонот
2. Крсте Соколовски-Јордан Пиперката с.Златари 1921
3. Атанас Ристовски с. Покрвени 1924
4. Атанас Георгиевски-Жупа с.Јанкоец
5. Ванчо Влашевски-Мангата с.Брезница Костурно 1924
6. Ване Ставревски с.Евла 1916 г
7. Вангел Шајновски с .Брајчино 1923
8. Ванко Јоновски с.Тумунец 1922
9. Евтин Ристевски с.Подмочани 1914
10. Живко Калија Стојановски с.Асамати 1925
11. Златко Биљановски - Михајло с.Пуста Река 1920 †, комес.на батал.
12. Круме Кондовски с. Стење 1926
13. Ќиро Бојков Ристевски с.Граждено 1919
14. Кочо Томе Пренда с.Васко Поле- Корча 1925
15. Коста Христовски с.Костурно-Егејска Македонија с.Езерце 1906
16. Митко Прцуловски с.Царев Двор 1919
17. Милан Ефтимов Павловски с. Прељубље 1910
18. Милан Спировски с.Отешево 1920
19. Ристо Ефтимов Ставревски с. Курбиново 1910
20. Трајан Ставревски-Чолакот с.Курбиново 1921
21. Митре Ангелевски-Саве с.Брајчино 1920
22. Стојан Шуковски С.Брајчино 1923
23. Славе Котев Димитровски с.Долно Дупени 1924
24. Спиро Павлев Мановски с.Долно Дупени 1912
25. Славе Јосиф Диневски с.Долно Дупени 1922
26. Доне Струменииковски с.Долно Дупени 1919
27. Стерјо Струмениковски с.Долно Дупени 1899
28. Илија Спировски-Панде с.Избиште -заменик комесар на батал
29. Гога Јанев Трајчевски с.Лавци - Преспа 1922
30. Цветко Трајков Думбовски с.Љубојно 1907
31. Живко Вангел Андоновски-Бојан с.Лавци -Преспа 1924
32. Ташко Милошевски од Ресен 1925
33. Лаки Каралиевски од Ресен
34. Таип Таипи с.Асамати 1924
35. Круме Димитровски-„Мико" с.Грнчари 28.VIII 1923
36. Ќиро Јошев Ефтимовски с.Лавци-Преспа
37. Славе Несторовски с.Стење 1924
38. Ристо Најдо Петковски с.Брајчино
39. Спиро Вржовски с.Брајчино
40. Владо Ристов Чороловски с.Брајчино
41. Косте Стефанов Јоновски с.Брајчино
42. Крстин Калчовски (РЕЛЕВ) с.Брајчино 1916
43. Славе Илиевски "Стево" с.Кривени-преспа, 1921
44. Прове Мице Василевски с.Стење-преспа

Од БИТОЛА и битолско :

1. Александар Станковски-Цане с.Брусник
2. Алексо Куновски с Брусник
3. Васко Карангелевски с.Брусник 1921
4. Дане Петковски с.Брусник
5. Панде Ицковски с Брусник
6. Алберто Косан-Берто Битола
7. Аница Лазарева -Георгиевска Битола 1928 ?
8. Вангел Илиевски Битола 1922
9. Виктор Мешулам-Бустрик Битола
10. Васко Петковски Битола радио телеграфиста
11. Гоце Трајковски Битола 1923
12. Ѓорѓи Ѓеоргиевски-Ѓуц Битола 1926
13. Естреја Овадија-Мара (нх) Битола 1922
14. Лена-Елада Леви Овадија Битола 1924
15. Нахмијас Мордо-Лазо Битола
16. Олга Масларова-Димова Битола
17. Ристо Тодоровски-Свет Битола
18. Шефки Ибраим Битола
19. Шани Оџику Битола 1920
20. Бошко Станковски с.Брусник 1925
21. Борис Стојановски с.Бистрица 1921
22. Васко Вангеловски с.Лавци 1925
23. Лена Ташковска Нечевска-Нада с.Лавци 1924
24. Пецо Стојче Гудовски с.Лавци 1920
25. Панде Ташковски с.Лавци 1923
26. Сотир Брбевски -Ињо с.Лавци
27. Фана Кочовска-Цветковиќ с.Лавци 1927
28. Вандо Лазаревски с.Нижо Поле 1914
29. Ѓорѓи Бендевски -Ѓон с.Ѓавата 1921
30. Чаталовски Ташко с.Ѓавата 1909
31. Панде Секуловски-Мал овчар с.Брусник с.Лавци 1923
32. Соломон Садикарио- Мо Битола
33. Тули- Евреjчето Битола
34. Трајан Костовски с.Канино
35. Ѓоре Велковски-Коста Прилеп комесар на баталјонот
36. Најдо Ристо Ангеловски с.Сарандиново-прилепско 1922
37. Димче Иван Беловски Штип 1923
38. Никола Пендовски Велес
39. Нафи Латиф Сулејмани с.Трново-битолско 1918
40. Воин Драшкоци - Кочово
41. Бонде Скерлевски с.Брусник
42. Стефани Калабрезо- Италија
43. Павел- Полска
44. Илија Марковски с.Будимирци-мариово,
45. Лазо Гашовски с.Бистрица
46. Јосиф Андоновски-Номе с.Лавци
47. Папс- Полска
48. Роман Полска
49. Васко Јануловски Нижополе
5о. Дуси од Трст- Италија

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
Ресен

Од ТЕТОВО :

1. Александар Златановски -Сашко Тетово 1923
2. Благоја Буневски-Мабус Тетово 1920
3. Димче Савевски Тетово 1923
4. Нешо Марковски Тетово 1919
5. Саво Марчевски- Марче Тетово 1922
6. Борче Кочовски Тетово 1925
7. Александар Мирче Здравковски-Санко- с.Брезно-тетовско
8. Јован Анчевски Тетово

Од ДЕБАРЦА :

1. Ѓорѓи Трајановски с.Ново Село Дебарца 1913
2. Наум Ристевски с.Ново Село Дебарца
3. Петре Димовски с.Ново Село Дебарца 1917
4. Секуле Димовски с.Ново Село Дебарца 1944
5. Ристо Павловски С.Средоречје -охридско
6. Ристо Јаковчевски с.Слатино - охридско 1922
7. Ристо И. Рудиновски с.Елшани 1944
8. Борче Младеновски-Титан с.Велмеј-охридско
9. Симо Јаневски Серафим од с.Ново село-охридско 1923

Од ГЕВГЕЛИЈА и гевгелиско:

1. Петар Балабурски-Минче Гевгелија 1922
2. Панде Дуганов Гевгелија
3. Никола Пејовски-Грујев с.Богданци 1920
4. Атанас Бојков-Зафо с.Богданци
5. Илија Василиев Колачев-Дело с.Богданци 1921
6. Анче Анѓеловски с.Коњско -Гевгелија
7. Ристо Божинов Димитровски с.Конско-Гевгелија 1923

Вкупно борци-партизани учесници во баталјонот "Стив Наумов" се 115 (според нашите сеќавања)

СОСТАВУВАЧИ НА ПРЕГЛЕДОТ

1. Шуковски Стојан
2. Ангелевски Митре
3. Ефтим Ристевски
4. Крсто Соколовски

Скопје

Дата 1989год

# С П И С О К

На погинати ратни другари, во борбите а беа во составот на легендарниот партизански батаљон " Стиф Наумов"

1.-Пандевски Јанев Ѓорги "Гога" роден 1922 во с.Лавци Ресенско. Учесник во НОБ од 1943, во Одредо "Даме Грујев" во батаљонот "Мирче Ацев" во I та Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во батаљонот "Стив Наумов". Загина 14.декември 1943 година во несреќен случај на планин.Кајмакчалан.

2.-Гелевски Калиев Живско,роден 1925 година, во с. Асамати Преспа. Учесник во НОБ од 1943.година, во Одредот "Гоце Делчев" во батаљонот "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска пролетерска ударна бригада. Загина на 26.декември 1943 година, во борбата против бугарската војска во нападот на пограничната чета кај селото Конско Гевгелиско.

3.-Думбовски Трајков Цветко,роден 1907 година во село Љубојно Ресенско Македонија,Учесник е во одредот"Гоце Делчев" во батаљонот "Стиф Наумов" во I вата Македоно-Косовска Пролетерска ударна бригада, а во НОБ е од печетокот на септември 1943 година.Загина во февруарскио поход 1944 година, во борбата против Бугарската војска кај с.Истибања на 16.II 1944 година беше заробен и стрелан во касарните Штип.

4.-Диневски Јосифов Славе,роден 1922 година во село Д.Дупени, Преспа.Во НОБ и ПОЈ од почетакот на септември 1943 година, во Одредот "Гоце Делчев",во батаљонот "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада.Учествова во маршот од славна борбена Дебарца до Фуштани со бригадата декември 1943 година.Загина во февруарскиот поход 1944 година во борбата со Бугарската војска кај селото Истибанја-Кочанско на 16.февруар 1944. година.

5.-Несторовски Вангелов Славе, роден 1924.година во село Стење, Преспа.Учесник во НОБ од септември 1943 година, во Одредод "Гоце Делчев во батаљонот "Стиф Наумов", во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада.Учесник е во борбениот марш на бригадата од славна борбена Дебарца до с.Фу штани -Егејска Македонија.Загина во февруарскиот поход,во борбата со Бугарската војска кај с.Истибања-Кочанско на 16.февруари 1944 година

6.-Дуганов Панде, родом од Гевгелија, активни учесник во НОБ од 1943 година,во составот на баталјонот "Стиф Наумов".Загина во февруарскиот поход,во борбата со Бугарската војска кај село Истибања-Кочанско на 16 февруар 1944 година.

7.-Младеновски Борче "Титан" родом од с. Велмеј Охридско, Учесник во НОБ од 1943 година, во составот на баталјоно "Мирче Ацев" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада,во баталјонот "Стиф Наумов" во ~~XXXXXXX~~ борбата против фашистичката Бугарско војска кај селото Истибања-Кочанско загина на 16.февруари 1944 година во февруарскиот поход.

8.-Тули Еврејчето од Битола, Учесник во НОБ од 1943 година, во Одредот "Даме Груев" во баталјонот "Мирче Ацев" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада.Учесник во февруарскиот поход 1944 годи со баталјонот "Стиф Наумов".Во борбата протиб Бугарската војска кај село -то Пеклани Кочанско,во февруарскиот поход Тули беше тешко ранет во стомакот,непокретен.Членовите на Главниот штаб решија даго оставиме кај селанец во офчарската колиба.Од Енглеската војна мисија зедова 1о наполони злато,му го предададова на селанецо сосе парите да го чува се до нашето враќање летото и даго лечи додека се може.Утредента селанецо го предаде на Бугарската полиција Тули ранетиот,се се парите а тие го убија на лице место.Борбата ја водевме на 16.II.1944 год.

9.-Мановски Павлев Спиро,роден 1912 година во с.Д.Дупени-Преспа, активни учесник во НОБ од 1943 година, со оружје од почетако на месец септември во Одредот "Даме Груев",во баталјонот "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада.Учествува во сите војни борбени акции-борби со бригадата.Беше учесник во февруарскиот поход 1944 година,загина во борбата против четниците на"Дража Михајловиќ" 24.II. 1944 год.на план.Перен во непосредно кајселото Цветишница-Козј пл.СР Србија.

1о.-Илковски Панде, од село Бругник.Учесник во НОБ од 1943 г во составот на Одредот "Даме Груев" и баталјонот "Стив Наумов" во I в Македоно-косовска пролетерска ударна бригада,во III МУБ. на 3.април во нападот на рудникот Пробиштип,во борбата против Бугарите и Гер Панде беше тешко ранет во стомакот.Во селоСтајовци-Србија оставе болницата со ранетите другари,Мај месец провалена болницата и поубијани од бугарите.

11.-Скерлевски Бонде од село Брусник-битоско.Учесник во НОБ од 1943 година, во Одредот "Даме Груев" во батаљонот "Стиф Наумов" со I вата Македоно-косовска Пролетрска ударна бригада, во III МУБ. 12.април 1944 година водеше борба со ловната Бугарска дружина,кај село Сејаци-Врањско,другарот Бонде во оваа борба беше ранет во ногата и остана во болницата партизанска во с.Стајоце-Кумановско.Во мајската офанзива болницата беше откриена од Бугарската војска тука беа стрељани сите рањеници и Бонде.

ЗДРУЖЕНИЕ НА БОРЦИТЕ ОД НОВ РЕСЕН

12.-Кондовски Панде Круме,роден 1926 во с.Стење-преспа. Во НОБ од септември 1943 година,во Одредот "Гоце Делчев" во батаљонот "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетрска ударна бригада, и во III МУБ. Загина во борбата протиб Бугарската војска, во нападот со третата бригада на град Кратово 24/25.април 1944 година.

13.-Васко Јануловски родом од с.Ницополе-битолско.Учесник во НОБ од 1943 год.во батаљонот "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада.Во III та Македонска ударна бригада,загина во борбата со Бугарската војска во нападот со III МУБ на гр.Кратово 24/25. април 1944 година.

14.-Андоновски Вангелов Живко "Бојан" роден 1924 г.с.Лавци Преспа.Учесник во НОБ од мај месец 1943 година,во Одредот "Даме Груев" во батаљонот "Мирче Ацев" и "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада.Учествува во февруарскиот поход 1944 година, и во сотавот на III МУБ.Загина на 6 мај 1944 година,во село Црноштица Босилградцко НР Србија.Како тежок рањеник јаваше на коњ, со влагањето в во селото бевме нападнати со тешко оружје од Бугарската војска со минобацачи и бомби од авион.Живко беше погоден со мина,тука погина сосе коњот.Погреб извршија месните селани.Нашата бригада со пробиваше кон Црно бк.

15.-Рудиновски Ристо, од с.Мешеиште Охридско,Учесник во НОБ од 1943 год, во батаљонот "Мирче Ацев" и "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во III МУБ.Загина како пушкомитраљезец,во борбата со Бугарската војска 12.мај 1944 год.на пл.Станикинкро во близината на с.Преслап НР Србија.

16.-Димовски Секуле родом од Ново село,Охридско,учесник е во НОБ од 1943 година во баталјонот" Мирче Ацев" и "Стиф Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригафа, во III МУБ, загина во борб -бата со Бугарската војска, која се водеше 18 јуни 1944 година на Петрова Гора во близината на село Бабина пољана Врањско НР Србија.

17.-Соломон Садикарио "Мо" родом од Битола,активни учесник во НОБ од 1943 година, во Одредот "Даме Груев", во баталјонот "Мирче Ацев" и "Стив Наумов" во I вата Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во III-а МУБ,загина во борбата со бугарската фашистичка војска на Страцин Кумановско почетокот на август 1944 година, погребен е во с.Равно. "МО" загина со должноста политички комесра на чета.

18.-Овадија Естреја "Мара" од Битола, активни ученик во НОБ од 1943 година, во одредот "Даме Груев" во баталјонот "Стив Наумов" во I та Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во III МУБ, загина во нападпт на Бугарскиот пост кај Макчалан 26.август 1944 година. Посмртно е прогласена за народен херој на Југославија.

19.-Брбевски Сотир-Ило, од с. Лавци ботолско,активни учесник во НОБ од 1943 година,во одредот "Даме Груев" во баталјонот "Стиф Наумов" во I та Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во III МУБ,загина како командант баталјона во борбата со балистите во близина на Прешево август месец 1944 година../За рудникот лојане/.

2о.-Гаштевски Лазо од с.Бистрица битолско,учесник во НОБ од 1943. во баталјонот "Стив Наумов" во I та Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во третата македонока ударна бригада.Загина како заменик командантa баталјона,во борбата ки против балистите во околината на Прешево, во другата половина на август 1944.година./ На рудникот Лојане/.

21.-Мохинијас Мордо - Лазо, од Битола, учесник во НОБ од 1943 г. во одредот "Даме Груев" во баталјонот "Стиф Наумов" во I та Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада, во III та МУБ, погина во нападот на Бугарскиот пограничен пост,на самиот Кајмакчалан 26 август 1944 година, вршејки должност пушкомитраљезац ујед.и командир вода.

22.-Прцуловски Илија Мите,роден 1919 во с.Царев двор преспа. Учесник во НОБ од мај месец 1943 година ,во одредот "Даме Груев" во баталјонот "Мирче Ацев", и батаљ. "Стиф Наумов" во I та Македоно-косовска Пролетерска ударна бригада,во III та МУБ.Вршејки должност курир за веза

при Главниот штаб за Македонија, учесник беше на првото заседание на АСНОМ на 2.август 1944 година.Загина како командант на баталјона во борбата против балистичките банди на Муарем Барјактаревиќ, во непсредна близина кај селото Алдинци- скопска на 12.мај 1945 година.Подацитe за загинувањето на Мите ги даде неговиот комесар на I баталјон НО од осмата дивизија КНОЈ, Бајрамчевски Гога- Бајрамче, од Прилеп, сега во Скопје.

23.-Милошевски Тодоров Ташко, роден 1925 годин, во Ресен, активни учесник во НОБ од јуни 1943 година, во баталјонот "Мирче Ацев" и батаљ. "Стив Наумов" во I та Македоно-косовка Пролетерска ударна бригада, во III та МУБ,загина во завршните борби-опреции за ослободување на земјата 16.април 1945 година на Сремскиот фронт.

Овије податоци ги подговија ратни саборци :

Стојан Шуковски

Шуковски Стојан,потпуковник ЈНА во пензија,сега во Скпје, ул.Љубјанска бр.24/4 стан 9.

Митре Ангеловски Саве

Ангеловски Митре- Саве, мајор во пензија, сега Скопје, ул."Кочо Рацин" 38/13,

Е. Ристевски

Ристевски Спиро Ефтин,носител на партизан.спомен 1941, сега во Скопје, ул "Питу Гуле" број 49 Водно.

16.II.1989 год. Скопје.

Сојуз на здруженијата на борците од НОБ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор Ресен

# ИСПРАВКИ КОН ЗБОРНИКОТ ОД НОВ - РЕСЕН И ПРЕСПА

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор Ресен

На загинатите борци во НОВ и ПО од Ресен и Преспа

На стр. 27 Андоновски Вангел Живко-Бојан од с.Лавци-Ресенско, треба да стои,стапил во НОВ мај месец 1943год. во составот на Битолско-преспанскиот НОП одред "Даме Груев",во баталјонот"Мирче Ацев", баталјонот"Стив Наумов",во составот на I македонско -косовска ударна бригада ,во IIIМ МУБ. Беше учесник во борбено-политичките акции и борби кои ги водеа овие единици на територијата Дебарца, Лангардеа, Пајак планина, с.Ноти,с.Фуштани и други борби на овој терен во текот на 1943год.Учесник е во Февруарскиот поход од Кожув-Козјак планина, кога на 26II-1944год.со баталјонот "Стив Наумов" влезе во составот на Третата македонска ударна бригада.

На стр. 32 Божиновски Панде Борис,трба да стои-стапи во НОВ и ПО септември 1943год.во одредот"Гоце Делчев",во составот на баталјонот "Мирче Ацев"во I македонско-косовска ударна бригада.Учествува во борбите со единицата на територијата Дебарца, против германските единици каде храбро го положи својот живот во месноста Превалец во ноември 1943год.

На стр. 36 Ѓелевски Калија Живко с.Асамати . Во НОВ стапил август 1943год. во Преспанскиот НОП одред"Даме Груев",а потоа во баталјонот "Стив Наумов"на 11ноември 1943год.,во составот на I македонско-косовска ударна бригада, се до неговото загинување на 26декември 1943год. кога баталјонот "Стив Наумов"водеше борба со бугарските погранични единици кај с.Коњско-Ѓевгелиско.

На стр. 40 Ѓеоргиевски Гелев Танас од с. Коњско -Преспа ,стапи во НОВ и ПО септември 1943год. во редовите на Преспанскиот партизанскиот одред "Даме Груев" а потоа во" баталјонот "Стив Наумов" ,во I македонско-косовска ударна бригада,каде учествува во борбите низ Дебарца каде е на 18 јануари 1944год. на зверски начин убиен од бугарската фашистичка војска во с.Клештина-Егејска Македонија.

На стр. 42 Диневски Јосиф Славе од с.Долно Дупени во НОВ и ПО се приклучи во почетокот на септември 1943год. во одредот "Гоце Делчев" а беше во составот на баталјонот"Стив Наумов"од самото формирање до загинувањето.на 16.февруари 1944год.Зема учество во борбите низ Дебарца 1943год. и 1944год. во составот на Iмакедонско-косовска ударна бригада,исто така учествува во составот на својот баталјон во борбите против германските и бугарските фашистички единици јануари месец 1944год. на територијата Лангардеа,Ноти,Фуштани,во нападот на пограничната бугарска гранична единица кај с.Коњско-Ѓевѓелиско.Учесник е во Февруарскиот Поход 1944год.од Кожув до с. Истибања кога неговиот баталјон води борба со бугарските фашистички единици 15/16.II 1944 ,каде истиот во оваа борба го положи својот живот за слободата на Македонскиот народ. на 16 II 1944г.

Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Ресен

На стр. 46 Думбовски Трајко Цветко од с. Љубојно, со формирањето на баталјонот"Стив Наумов" 11 ноември 1943год.е во неговиот состав и во составот на I македонско-косовска ударна бригада. Зема учество во борбените акции против германските и бугарските фашистички војски на територијата во Дебарца 1943год.и 1944год.на територијата во Егејска Македонија-12 јануари месец 1944год.на пл.Пајак с.Ноти,с.Фуштани, 26.12.43 с.Коњско-Ѓевгелиско.31 јануари 1944год. зема учество во Февруарскиот Поход во составот на баталјонот "Стив Наумов", кога во борбата против бугарските единици на 16 февруари 1944год.го даде својот живот за слободата,во непосредно кај мостот- селото Истибања, источна Македониа

На стр. 51 Кондовски Панде Круме од с.Стење.-треба да стои стапил во НОВ 25 септември 1943год. во редовите на партизанскиот одред,"52" во баталјонот "Стив Наумов",во I македонско-косовска ударна бригада каде зема учество во сите борбени акции во текот на 1943год. и јануари месец 1944год.во Егејскиот дел на Македонија кај Ноти. Учесник е во Февруарскиот Поход 1944год. од Кожув пл. до Козјак пл. с. Жегљани -Кумановско и во сите борбени акции, учествува со својот баталјон во овој поход.26 февруари заедно со баталјонот влезе во составот на III македонска ударна бригада,каде на 24 април 1944год. во борбите против бугарските единици загина за ослободување на Кратово.Во тоа време I македонска бригада небила ни формирана,ниту можел Круме да биде со неа ,бидејќи истата е формирана 8 јуни 1944год. во Локов-западна Македонија,последните три реда се неточни во зборникот

На стр. 52 Крстиновски Гелев Алексо, род.1904година во с.Долно Дупени, Преспа.Произлегува од земјоделско семејство.Со режимот на стара Југославија беше непомирлив бидејќи поминуваше тежок живот .Имаше правилно гледиште за работничкиот покрет ,беше еден од напредните синдикалисти, како работник во странство-Америка,каде престојуваше неколку години пред војната.По капитулацијата на стара Југославија се поврзува со селскиот актив во кои беа: Спиро Павлев Мановски,Стерјо Струмениковски и Алексо.Активно работи од ~~крајот~~ почетокот на 1942год.во НОВ и ПО. Во 1943год. јуни месец во неговата куќа се одржа таен состанок каде беа присатни споменатите селани со другарот Коле Канински, командант на Одредот "Даме Груев".Поставените задачи Алексо правилно ги разбираше и извршуваше ,како прибирање храна за одредот од селаните и одржување постојани врски со партизаните.Активно стапи во НОП во почетокот на септември 1943год.во одредот"Гоце Делчев", оставајќи зад себе малолетни деца со мајка им.Потоа Алексо влезе во составот на баталјонот "Стив Наумов"11 ноември 1943год.,потоа во I македонско-косовска ударна бригада на 2декември 1943год. во с.Сливово-Дебарца ,а во с. Герман Егејска Македонија 11 декември 1943год. Алексо како човек во години беше одвоен со останатите партизани во преспанскиот одред,кои беа исто така луѓе на негова возраст за позадина.
Од штабот на одредот Преспански беше испратен во курирска врска февруари месец 1944год.Кај с.Буф падна во бугарска заседа,беше заробен и затворен.Тепан од бугарите до изнемоглости да издаде некој од другарите како не призна ништо за НОВ,фебруар 1944 год.стрељан с.Врвени-Леринско.

(5)

Страна 59 Мановски Павлев Спиро, роден 1912.год,во село Д.Дупени-преспа Потекнува од напредно имотно селско семејство.Како угледна фамилија, Спиро беше врло комуникативен со селаните и доста ценет.Уште во стара бивша Југославија се занимаваше со политика и осеќаше незавидната положба на Македонскиот народ.

По капитулацијата на Југославија, Спиро организира селски политички актив, за кој во неделиве и празничните денови дискутираа за политичката положба во светот, се напредни селани и заинтересирани за политика меѓу кои:Поповски Филип,Мановски Спиро.Крстиновски Алексо, Струминиковски Стерјо,Димовски Славе, и Добрила Виктор.Наведените лица се видно истакнуваа во припремите и соработката на НОВ и ПО ве текот на 1943.година,кога одредот"Даме Груев" и "Гоце Делчев" дејствуваа на територијата во долна Преспа и Егескиот крај.Спиро редовно одржава врски со одредите и организирано со поменатите другари вршеше снабдевање на одредите од селото, а према барањата на командантот Коле Канински.

Мановски Спиро,како најбогат во селото,оженет со малолетни деца,на повик КПЈ повеќе активисти и напредни членови да излезат во бој против фашизмо,Спиро е прв кои за себе ги повлече заедно да стапат во партизанските Одреди од неговото село почетокот на септември 1943 год во одредот"Гоце Делчев" доброволно стапиа:Алексо Гелев Крстиновски, Стерјо Струмуковски,Виктор Добрило,Димовски Коте, Славе.Диневски Јосифов Славе,Струминиковски Доне и Мановски Павлев Спиро.Борбениот партизански пат истите другари беа во стројо на формирањето батаљонот "Стив Наумов" 11.новембри 1943 год. во село Винени Егејска Македонија, на 2.декември истата година се приклучивме во соатавот на I Македоно-косовска бригада.

Мановски Спиро, беше оден од храбрите другари и со голема верба одеше во борба со зборовите увек на победа.Учествоваше во борбите низ Дебарца,во составот на бригадата, Во маршот од с.Сливово-с.Фуштани во Егејска Македониа,во сите борбени акции со баталјонот "Стив Наумов" јануар месец 1944.година,против немците кај с.Ноти.Лангардеа,с.Фуштани, во нападот на бугарската погранична чета с.Конско-Гевгелиско 26.12.1943.г секаде храбро и нестрашливо водеше борба со своите другари во баталјонот Спиро е учесник во февруарскиот поход од 31.I.- 24.февруари 1944 во составот на батаљонот "Стив Наумов"; во првата борбена средба со четниците на"Дража Михаловиќ" на пл. Перен између с.Паклиште и село Цветишница,Спиро го даде најмилото својот живот за идеите и слободата на Македонија.Тој не доживи да биде во строј, по ред на формирањето и третата Македонска бригада на 26.II.1944.година во с. Жегљани-Кумановско и оваја радост како македонец да е прослави.

Страна 73 Прцуловски Илија Мите,роден 1919.година во село Царев-двор. Потекнува од земјоделско семејство.

Во НОВ стапи во месец мај 1943 година, во составот на Битолско-преспанскиот НОП одред "Даме Груев".Учествуваше во борбено-политичките акции на Одредот на територијата на Преспа и Дебарца. Беше во првите редови на баталјонот "Мирче Ацев". Потоа влегува во сотавот на I првата Македоно-косовска пролетерска ударна бригада, Учествува во сите борбени акции со бригадата низ Дебарца и на територијата во Егејска Македонија 1943 и јануар 1944 година.Учесник е во февруарскиот поход во составот на батаљонот "Стив Наумов" и во III Македонска ударна бригада.

1944 година април месец,Митко Прцуловски врши должност курир при Главниот штаб на Македонија, а во седмата офанзива истата година врши должност командир на курискаta служба при Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, во источна македонија,Црна Трава,присатен беше и на првото заседание АСНОМ во Прохор Пчински 1944 година,непосреден пратиоц на командантот на Главниот штаб другарот Михајло Апостоски "Дончо". Митко учествува во разоружувањето на фашистичките бугарски војски кај Калиманско поље есента 1944 година,со останалите кирири на Главниот штаб на НОВ и ПО, во оваа акциа.

Во почетакот на 1945 година Митко е поставен за командант на I батаљон НО прва бригада 8 дивизија КНОЈ.

Почетокот на мај месеци 1945 година во борбата против балистите со бандата на Муарем Барјактари, кај селото Алдинци-Скопско загина Митко, згасна еден револуционарни живот пред самата Македнска слобода.

Изворните податоци за загинувањето на Митка се од ноговиот саборец и комесар на истиот батаљон Барјамчевски Гога -"Бајрамче" од Прилеп,сега живи во Скопје.

Напомена Митко не бил никако во Првата македонска народна -ослободителна бригада,грешка е за оваа единица бидејки е формирана 8.јуни месец 1944 година,а тој беше на територијата во источна Македониа

Податоците ги состави саборецот на поменатите загинати партизански другари,сега пензионисани потполковник во ЈНА,

Стојан Шуковски

/ Шуковски А. Стојан, с.р. /

Скопје," Љубљанска" бр 24/4-стан 9.

6.март 1989 година